Бојка ДОНОВСКА

# ПРИДОНЕСОТ НА ИСТОРИСКАТА СЕКЦИЈА ВО ФОРМИРАЊЕТО ПАТРИОТСКИ И РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ДУХ КАЈ МЛАДИТЕ

Социјалистичкото воспитување содржи комплекс задачи кои се налагаат во процесот на образованието на младиот човек. Училиштето, иако не е единствен фактор во изградување на личноста, останува најорганизирана, најодговорна и најповикана институција за таа цел. Оттука треба да произлезат и сите негови задачи.

Влијанието на семејната средина, социјалните услови, степенот на развојот на средствата за комуникација, општествените организации и друго, претставуваат база и предуслов врз кои училиштето ќе ја врши функцијата на надградба и ќе го усмерува својот воспитно-образовен процес. Посебно овие предуслови се важни за развивање на интересот кон светот што го опкружува младиот човек, а со тоа и кон минатото. Кај поединци се раѓа и посебна предиспозиција за изучување на историските настани.

Основните сознанија за минатото ученикот ги добива во рамките на редовната настава и тоа главно на часовите по запознавање на општеството, а подоцна и на часовите по историја. Но во системот на нашето образование редовните часови се прилично тесни за да ги задоволат потребите на младата личност со бујна фантазија и желба за стекнување нови, поширoки знаења. Се јавува потреба од вончасовна, дополнителна активност преку која веќе изложените факти ќе се прошират, продлабочат, со што кај младите луѓе ќе се засили интересот кон минатото. Целите на ваквата активност се совладување на методот на учењето, да се запознаат историските настани и сè што го интересира ученикот, а не секогаш е застапено во наставната програма. Да се поттикнат учениците кон самостојна умствена работа а истовремено да се организира нивното слободно време со што би се усмерила и осмислила нивната разонода. Сето тоа, во крајна линија нема за цел само воспитување во смисла запознавање на историјата, туку многу придонесува за правилно изградување на една социјалистичка личност. Затоа мошне е

важно ваквите активности да бидат грижливо организирани и планирани зашто преку нив се развива самоиницијативата кај учениците, смисла за колективна работа, другарство и пријателство. Тие се особено погодна форма за развивање и јакнење на патриотските чувства кај младите како и за издигање на свеста кај идните социјалистички градители. Тие придонесуваат, исто така, и за формирање навики за самостојна работа што е особено важно во создавањето на моралниот лик на ученикот воопшто. Во овие активности не би требало да бидат вклучени само ученици кои покажуваат одличен успех по предметот. Мошне е важно и од воспитен поглед неопходно, тука да се вклучат што поголем број ученици и со послаб успех, со што би им се овозможило да се активираат и поттикнат на потемелна работа.

Работата на секциите по историја содржи многубројни, разновидни форми на активност. Разновидноста на овие форми и содржината зависи, пред сѐ, од готовноста и желбата на наставникот да се заложи во ваков вид активност. Тука како важен фактор се јавува неговата инвентивност и креативност.

Во училиштето Владимир Илич—Ленин ваков вид вончасовна работа се изведува од неговото формирање. Формите на работа на историската секција биле мошне разновидни. Името на училиштето ни пружи широка можност за развивање на работата во оваа секција. Тука е, пред сѐ, поврзувањето со други основни училишта во нашата земја што го носат името на овој голем револуционер. Контакти преку допишување се воспоставени и со училишта од Советскиот сојуз. Оваа преписка овозможи учениците да се запознаат со животот и делото на Владимир Илич — Ленин, великан на марксистичката мисла. Овозможи запознавање со земјата и епохата во која што тој се родил, живеел и работел. Во врска со името на Владимир Илич — Ленин секцијата пројавува најголема и најмасовна активност во подготовките за прославата на патрониот празник. По тој повод, секцијата организира изложби на слики и книги за Ленин, со цел секој ученик поблиску да се запознае со животот и делото на овој епохален великан. Се изготвуваат и реферати во соработка со членовите на литературната секција, а во соработка со драмската се изведуваат рецитали и приредби на кои присуствуваат учениците од целото училиште заедно со родителите. Приредбите како една од формите на работа на оваа секција се покажаа мошне погодни за масовно вклучување на учениците. Приредбите се особено погодни за одбележување на националните празници.

Како теми на системската обработка на Секцијата се земаат значајни ликови и датуми од нашето поблиско и подалечно минато. Процесот на обработката на секоја тема е подолгорочен, во зависност од важноста на настанот. Секцијата во сво-

јата работа не е изолирана, туку целосно се вклучува во манифестациите програмирани од другите општествени организации во градот и Републиката. На пример: 30-годишнината на АВНОЈ, нè иницира на собирање драгоцен историски материјал од печатот, систематизиран и обработен од учениците, кој подоцна се користи и како нагледно средство на редовните часови по историја. На денот на годишнината беа поканети и директни учесници во народната револуција, кои евоцирајќи ги своите спомени од борбите, ги оживеаа славните денови на нашата Народно-ослободителна борба, со својот жив збор ги пренесоа учениците во тие славни денови и развиваа интерес и чувство за борбените традиции од НОБ. Во рамките на работата на Секцијата стана традиционална средбата со командантот на народно-ослободителната војска на Македонија генералот Михајло Апостолски. Средбата се состои во разговор на учениците со Апостолски при што тие му поставуваат прашања за кои што најмногу се интересираат, а тој директно им одговара и со тоа расветлува и ги пренесува учениците во повеќе настани од НОБ.

Сојузот на борците од НОВ како општествена организација секогаш се става на располагање на Секцијата. Во таа смисла Сојузот укажува помош при организирањето средби на учесници во НОБ кои мошне пластично и илустративно, преку евоцирање на лични доживувања прикажуваат повеќе историски настани. Мошне впечатливо за учениците беше излагањето на полковникот Тодоровски кој ги изнесе своите спомени од февруарскиот поход. Ова излагање придонесе за изучувањето на овој историски настан повеќе од било какво излагање на наставникот на редовниот час по историја. Други учесници од НОБ нè пренесоа во славните денови на Неретва, Сутјеска и Дрвар, со што од учениците беше почувствувана поврзаноста на нашите народи во заедничката револуционерна борба за вистинската слобода, во која борба се градеше братството и единството на југословенските народи.

Прославата на Денот на ЈНА се јавува како убав повод за проучување на револуционерните традиции на нашата армија и нејзините денешни современи достигнувања во јакнењето на одбранбената моќ на нашата земја. Група ученици со пригодна програма се вклучуваат во заедничкото одбележување на празникот со воената единица со која училиштето има перманентна соработка. Во овие контакти учениците се запознаваат со животот на нашите млади војници, со нивната работа и со борбената подготвеност на нашата армија како и со современото вооружување, гаранција за заштитата и суверенитетот на нашата земја и за грижливо чување на придобивките на нашата револуција.

Секцијата по историја развива соработка со останатите секции за вончасовно испитување во училиштето. Тука во прв

ред спаѓа соработката со литературната секција. Уметничката книжевност со историска содржина е историја изложена на примамлив и најпристапен начин за младиот човек. Таа има силно влијание врз естетското воспитување, поради што оваа форма на соработка се јавува како мошне пригодна. Таа главно се состои во помошта што литературната секција ѝ ја укажува на историската во заедничките подготовки на драматизации со историски содржини, во литературни читања за историски ликови, настани и друго.

Мошне е развиена и плодна соработката и со ликовната секција. Членовите на овие две секции заеднички работат на организирање изложби на историски теми, изработка на албуми, а секцијата на „Млади техничари" се вклучува во работата на историската секција со изработка на најразновидни макети и графикони преку кои минатото се доближува до ученикот. Во оваа смисла е остварена соработка и со надворешни лица (академски сликари и други).

Историската секција е постојан соработник на Пионерскиот дом „Карпош". Таа соработка овозможува ангажирање на поголем број ученици во повеќе активности. Тука спаѓаат во прв ред организираните меѓуучилишни натпревари на различни теми.

Темата „Како го познаваш својот град" ангажира ученици кои се определија за детално изучување на историјата на Скопје. Резултатите од овој натпревар беа до таа мерка извонредни затоа што учесниците во натпреварот до финеси навлегоа во историјата на градот, така што тие со продлабоченоста и прецизноста ја надминаа својата возраст.

Темата „Името ни е другарство" овозможи на членовите „Млади амбасадори" најдетално да се запознаат со Советскиот сојуз, земја за која што се определи нашето училиште, пак раководејќи се од името на училиштето. Во рамките на оваа тема се одржаа четири циклуси квиз-натпревари во кои учениците покажаа голема самоиницијатива, извонредна работливост и одговорноста. Работата врз оваа тема беше разновидна и траеше целата учебна година. Според пропозициите на натпреварот, училиштето стапи во врска со Амбасадата на СССР во Белград од која што доби голем и разновиден материјал преку кој на учениците им се даде можност да се запознаат најопстојно со првата социјалистичка земја во светот. Користејќи ги тие материјали, учениците подготвија и приредба преку која се направи замислена прошетка низ Советскиот сојуз. Во оваа приредба беа максимално ангажирани речиси сите секции на вончасовните активности од училиштето: Фолклорната, Хорската, Литературната, Драмската, Ликовната и други. Во рамките на оваа тема се разви и жива кореспонденција меѓу нашите ученици и учениците од повеќе градови на Советскиот сојуз, која што се состоеше во

размена на разгледници, ликови на херои, значки, филателија и описи на родните краеви. Во оваа преписка нашите ученици ги запознаваа своите другарчиња со многубројни моменти од нашата НОБ, задржувајќи се во прв ред на масовното учество и хероизмот на пионерите.

Целта на темата „Името ни е другарство" беше да се развие духот на меѓународната солидарност, соработка, љубов и почит кон сите народи во светот. Таа беше целосно постигната.

Својата годишна активност Секцијата по историја од нашето училиште ја заклучува со натпревар преку кој се презентира животниот пат на другарот Тито. На оваа манифестација ѝ е посветен месецот мај, со што членовите се вклучуваат и во прославата на Денот на младоста.

Содржината на мајската активност се состои во проучување животот и делото на другарот Тито од најраното детство до денес. Материјалот се обработува во групи и секоја група презентира опстојно обработен дел од животот, поткрепен со материјал што е од нив собран и среден. Тука особено голема желба за работа и активност покажуваат послабите ученици со што им се дава можност да се докажат. Ученикот на овие средби се разликува од оној на редовниот час. При овие средби наставникот воочува многу позитивни особини кај ученикот што на часот ретко би ги забележал. И најзатворениот ученик почнува да се ослободува, присноста меѓу наставникот и ученикот се зголемува и тука се вистински другари.

Во текот на овие активности кај секој ученик се чувствува големата љубов кон нашиот водач Тито чие што раководство е усмерено кон зацврстување на основната придобивка од НОБ — братството и единството на нашите народи, социјалистичката изградба врз теоретските поставки на Маркс и Ленин во наши современи услови и раководното место на Јосип Броз Тито во борбата за рамноправност на сите народи и зачувување на мирот во светот што добива посебно значење. Современите збиднувања, чии современици се и учениците, исто така не треба да бидат запоставени. Нашиот ученик, со седнувањето во клупа, се вклопува во нашето самоуправно општество. Преку неговото учество во изборот на одделенско раководство, па натаму во пионерската организација, тој станува самоуправувач во својата средина.

Брзиот развиток на нашето самоуправно социјалистичко општество, доведува до неопходни промени и новини во целокупниот наш општествен систем, што наложува подготвеност и рефлекс кај наставникот да може сите тие бројни настани да не ги испушти и да ги прикаже на учениците, прилагодувајќи ги на нивната психо-физичка возраст. На тој начин младиот човек се чувствува составен дел од нашата стварност, се оспособува да го сфати својот придонес денес и да се вклопи утре како активен социјалистички градител.

За целокупната активност на училиштето, историската секција зеде обврска да се грижи за документацијата. Материјалите од документацијата даваат можност да се формира и училишен музеј.

Искуствата стекнати во нашето училиште од повеќегодишната работа со овој вид вончасовни активности се мошне значајни. Се покажа дека на овој начин видливо се зголемува и проширува интересот на учениците кон поголеми и подетални сознанија за сегашнината и минатото, се јакне почитта и љубовта кон родната земја и воопшто кон земјите и слободољубивите народи во светот, се усмерува нивниот поглед кон настаните од најдалечното минато до сегашноста, а со тоа и нивниот поглед кон иднината, се формираат позитивни морални квалитети. Со еден збор, преку ваквата активност многу се придонесува за правилното изградување на една комплетна социјалистичка личност со прогресивен поглед кон светот.

Овој вид активност не само што треба во иднина да се негува, туку и да се проширува и продлабочува со нови форми и содржини и да стане составен дел од воспитно-образовниот процес во денешното училиште.

Заедничкото делување на сите слободни активности во училиштето упатува на заклучокот, дека крајната цел на работата е да делува врз формирањето и јакнењето на патриотскиот и револуционерен дух кај младите.